РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
Бр. 24-5961/1
24-11-2017 20 год.
СКОПЈЕ

Друштво за производство,трговија и услуги, СТЕНТОН увоз-извоз ДОО
БР 03-100/1
24.11 2017 год.
с.Долно Оризари, Битола 1

Врз основа на член 39 став (11) од Законот за минерални суровини ("Службен весник на Република Македонија" " бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14 129/15, 192/15, 39/16, 53/16 120/16 и 189/16), Одлуката за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – кварцен чакал на Друштвото за производство, трговија и услуги СТЕНТОН увоз-извоз с.Д.Оризари Битола ДОО на локалитетот "с.Брод", општина Новаци бр.44-4496/1 од 29.08.2017 година (Службен весник на Република Македонија бр.121/17) и членот 23 од Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – кварцен чакал на локалитетот „с.Брод", општина Новаци бр.24-5729/1 од 13.11.2014 година,

1. ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
застапувана од Министерот за економија
Kreshnik Bekteshi (во натамошниот текст: концедент) и

2. Друштвото за производство, трговија и услуги СТЕНТОН увоз-извоз с.Д.Оризари Битола ДОО
со адреса Ул.1 бб Долно Оризари, Битола, Република Македонија
застапувано од лицата Благој Крстевски и Пецо Стојаноски
(во натамошниот текст: концесионер)

на ден __________ 2017 година во Скопје, склучија:

# А Н Е К С
# НА ДОГОВОРОТ ЗА КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА – КВАРЦЕН ЧАКАЛ НА ЛОКАЛИТЕТОТ "С.БРОД", ОПШТИНА НОВАЦИ

## Член 1

Во Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – кварцен чакал на локалитетот „с.Брод", општина Новаци бр.24-5729/1 од 13.11.2014 година, членот 3 се менува и гласи:

„Член 3

Рок на важење на концесијата

Концесијата од член 2 на овој договор се доделува за период од 15 (петнаесет) години".

**Член 2**

Како почеток на важење на рокот од членот 1 од овој анекс на договор се смета денот на потпишувањето на овој анекс на договор.

**Член 3**

Овој анекс на договор е составен во седум (7) еднообразни примероци, од кои по 6 (шест) примероци за Концедентот и по 1 (еден) примерок за Концесионерот.

**Член 4**

Овој анекс на договор влегува во сила со денот на неговото потпишување и е составен дел на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – кварцен чакал на локалитетот „с.Брод", општина Новаци бр.24-5729/1 од 13.11.2014 година.

**Член 5**

Сите останати одредби од Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – кварцен чакал на локалитетот „с.Брод", општина Новаци бр.24-5729/1 од 13.11.2014 година остануваат во сила, непроменети.

За Концедентот
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕР ЗА ЕКОНОМИЈА,
Kreshnik Bekteshi

За Концесионерот
Друштвото за производство
трговија и услуги
СТЕНТОН увоз-извоз
с.Д.Оризари Битола ДОО

Благој Крстевски

---------------------------

Пецо Стојаноски

---------------------------

Подготвил: Фатмир Шаќири
Контролирале: м-р Јетон Кучи
д-р Ејуп Љатифи
Одобрил: Зоран Павловски